Australian Human Rights Commission
everyone, everywhere, everyday

# Поднесување жалба

Австралиската комисија за човечки права (Australian Human Rights Commission) е независно тело што разгледува и разрешува жалби во врска со противзаконска дискриминација врз основа на пол, раса, попреченост (disability) и возраст, ILO III дискриминација и кршење на човечките права.

## За што може да нѝ се жалите

- ***Сексуална дискриминација*** вклучува сексуално малтретирање и дискриминација врз основа на пол, родов идентитет (gender identity), интерсексуален статус, бременост, брачна состојба или врска, доење, семејни обврски и сексуална ориентација.
- ***Дискриминација поради попреченост*** вклучува дискриминација врз основа на физички, интелектуални, сетилни, психијатриски и попречености во врска со способноста за учење; болести или заболувања; медицински состојби; повреди поврзани со работата; минати, сегашни и идни попречености; и помагала за попреченост (disability aids); животни за помош и поврзаност со лице со попреченост.
- ***Расна дискриминација*** вклучува расна омраза и дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национално или етничко потекло и доселенички статус.
- ***Дискриминација врз основа на возраст*** вклучува дискриминација врз основа на тоа некој да е премногу млад или премногу стар.
- ***ILO III дискриминација*** вклучува дискриминација при вработување врз основа на вера, криминално досие, синдикална активност, политичко убедување и општествено потекло.
- ***Кршење на човечки права*** вклучува постапки од страна или во име на Комонвелтот за кои се наведува дека прекршуваат одредени меѓународни инструменти за човечките права, како што се Меѓународната спогодба за граѓански и политички права, Конвенцијата за права на децата и Конвенцијата за права на лицата со попречености.

Вие може да поднесете жалба без оглед на тоа каде живеете во Австралија и поднесувањето на жалба е бесплатно. Чекорите во процесот на поднесување на жалба се наведени во продолжение.

## Информирање

- Ако не сте сигурни дали можете да се жалите за нешто, може да се јавите на Националната информативна служба на Комисијата по телефон на **1300 656 419** или по електронска пошта (email) на infoservice@humanrights.gov.au

- Ние може да ви испратиме образец за жалба, за да го почнете процесот.

- Ако ние не можеме да ви помогнеме, ќе се обидеме да ве упатиме на некого кој може.

## Поднесување жалба

- Жалбата мора да е во писмена форма. Вие може да го пополните образецот за жалба и да нѝ го испратите назад по пошта или по факс, или да го поднесете по интернет преку нашата интернет страница www.humanrights.gov.au.

- Жалбата може да биде на вашиот јазик, а ние - ако е потребно - можеме да ви помогнеме да ја напишете.

- За да поднесете жалба не ви треба правник.

- Ако не можеме да ја разгледаме вашата жалба, ќе ви објасниме зошто.

## Испитување

- Ние ќе ви се јавиме за да разговараме за вашата жалба и може да ви побараме повеќе информации.

- Воглавно, Комисијата ќе стапи во контакт со лицето или организацијата на кои се жалите и ќе им даде копија на вашата жалба. Може да им побараме одредени информации и/или одговор на вашата жалба. Информациите дадени на Комисијата како одговор на вашата жалба може да содржат лични, вклучително чувствителни, информации за вас.

- Во некои случаи може да одлучиме да не го продолжиме разгледувањето на вашата жалба. Ако тоа се случи, ќе ви објасниме зошто.

- Може да разговараме со вас за обид жалбата да се разреши со посредување.

## Посредување

- Посредување значи дека ние се обидуваме да помогнеме вие и лицето или организацијата на кои се жалите да најдете начин да го разрешите случајот.

- Посредувањето може да биде на состанок лице-во-лице наречен „конференција за помирување“ (‘conciliation conference’) или преку телефонска конференција. Во некои случаи, жалби може да се разрешат со размена на пораки по електронска пошта (emails) или разговори со посредник (conciliator).

- Жалби може да бидат разрешени на многу начини. На пример, преку извинување, промена на политиката или оштета.

## Можна судска постапка – дискриминација на основа на пол, попреченост, раса и возраст

- Комисијата нема право да одлучи дали се случила противзаконска дискриминација.
- Ако вашата жалба не биде решена или нејзиното решавање не продолжи од некоја друга причина, случајот можете да го дадете на суд. Судот може да одлучи дали се случила противзаконска дискриминација.
- Откако Комисијата ќе го оконча разгледувањето на жалбата, вие имате рок од 60 дена да го поднесете случајот до Federal Circuit Court of Australia или Federal Court of Australia.
- Комисијата не може да го даде случајот на суд наместо вас или да ви помогне да го претставите вашиот случај во суд.
- Ако сакате да одите на суд, можеби треба да разговарате со правник или правна служба.

## Одлука/извештај – ILO III дискриминација и човечки права

- Ако жалбата не биде решена или нејзиното решавање не продолжи од некоја друга причина, претседателот на Комисијата може да одлучи дали се случила ILO III дискриминација или кршење на човечки права.
- Ако претседателот е задоволен дека имало дискриминација или кршење на човечки права, претседателот може да го прати случајот до федералниот јавен обвинител (Federal Attorney-General). Во неговиот извештај претседателот може да препорача оштета за која и да е загуба или повреда нанесена на некое лице. Извештајот може да биде поднесен во Парламентот.
- Примери на одлуки на претседателот во врска со дискриминација и човечки права се достапни на интернет страницата на Комисијата на http://www.humanrights.gov.au/publications/reports-minister-under-ahrc-act.

## Каде може да добијам повеќе информации?

Податоците за контакт на Австралиската комисија за човечки права се следни:

**Телефон**
Национална информативна служба: 1300 656 419
TTY: 1800 620 241
NRS 133 677
Факс: (02) 9284 9611

Ако ви треба преведувач, може да се јавите на **131 450** и да побарате да ве поврзат со Австралиската комисија за човечки права - Australian Human Rights Commission.

Ако сте глуви или имате попреченост на слухот, можете да стапите во контакт со нас преку TTY на 1800 620 241. Ако сте глуви или имате попреченост на слухот или говорот, исто така можете да стапите во контакт со нас преку Националната служба за пренос (National Relay Service - NRS) на 133 677. Ако ви треба *Auslan* преведувач, ние може да го организираме тоа.

Ако сте слепи или имате попреченост на видот, на ваше барање може да ви обезбедиме информации во алтернативни формати.

**Поштенска адреса**

GPO Box 5218
Sydney NSW 2001

**Интернет**
Електронска пошта: infoservice@humanrights.gov.au
Интернет страница: www.humanrights.gov.au

Жалба можете да поднесете по интернет на
http://www.humanrights.gov.au/complaints/lodging-your-complaint.

## Општ правен совет

Ако размислувате за поднесување жалба, може треба да побарате правен совет. Постојат комунални правни служби (community legal services) кои можат да дадат бесплатни совети во врска со дискриминација и малтретирање.

Можете да стапите во контакт со канцеларија на Legal Aid (https://www.nationallegalaid.org/for-individuals/) или со вашиот најблизок комунален правен центар (www.naclc.org.au/directory).

**Појаснување: Информациите во овој информативен лист се дадени само како упатство. Тие не се замена за правни совети.**